Република Северна Македонија

## Агенција за управување со одземен имот

**Архивски број: 04-1828/27 од 28.11.2025 година**

Врз основа на член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка * („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25), а во согласност со член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" 27/14, 199/14, 48/15, 154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17,11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, на ден 28.11.2025 година ја донесе следната:

### ОДЛУКА
### за избор на кандидат по Јавен оглас бр.701/2025 за вработување на административни службеници

1.Во врска со јавниот оглас бр.701/2025, објавен на ден 04.07.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха", за пополнување на работно место **бр.1**: Раководител на Одделение за извршување одлуки, во Одделение за извршување одлуки при Сектор за правни работи, со шифра УПР0101Б02000, при Агенцијата за управување со одземен имот, 1 (еден) извршител, **се избира кандидатот Ивана Велкова Мицевска, со идентификациски код 6FF58CB.**

**2.** Именуваната ќе биде вработена на работнотното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на неопределено време.

**3.**Одлуката стапува во сила на денот со нејзиното донесување.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По објавениот јавен оглас бр.701/2025 од 04.07.2025 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха", Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение бр. 10-1606/6 од 14.07.2025 година и Решението за изменување и дополнување на Решението за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1606/9 од 07.08.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, спроведе административна селекција за административен службеник Записник бр. 10-1606/8 од 28.07.2025 година, Испит за административен службеник Записник бр.10-1606/10 од 07.08.2025 година, Проверка на веродостојност на докази и Интервју за административен службеник Записник бр. 1606/11 од 08.08.2025 година (наш архивски број 04-1828/21 од 11.08.2025) .


Бул Киро Глигоров бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3209 087
www.odzemenimot.gov

Имајќи го во предвид Заклучокот за завршување на Локалните избори 2025 бр.08-3716/5 од 12.11.2025 година, Локалните избори 2025 се завршени и исполнети се законските услови за продолжување на процесите за вработување, а во согласност со член 45 од Законот за административни службеници („ Службен весник на РСМ " 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17,16/17,11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) , како и врз основа на Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас бр. 701/2025 (бр. 10-1606/12 од 08.08.2025), директорот на Агенцијата за управување со одземен имот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од 8(осум) дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Директор на**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**

Доставено до:
-Агенција за Администрација
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива

Изгорвил:  Арита Хаџиева
Контролирал:Нeџмедин Фејзула
Одобрил:Анита Бошкова

Доставено и до:
-архива
-Агенција за администрација
-Одделение за управување со човечки ресурси